**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15-07-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3638 | 1 | |


# И З В Е Ш Т А Ј

**за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2016 година**

**јули, 2016 година**

**СОДРЖИНА**

Вовед........................................................................................................................3

Промени на сопственичката структура..........................................................................4

Јавност во работата на радиодифузерите....................................................................7

**ВОВЕД**

Во периодот јануари-јуни 2016 година, откако констатираше дека не постојат законски пречки во смисла на одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги", Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одобри шест промени во сопственичката структура, и тоа на: ТВ Амазон од Скопје, ТВ Плус од Куманово, ТВ Гурра од Кичево, РА Стреет ФМ од Скопје (два пати) и РА Зора од Делчево.

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година, во извештајниот период Агенцијата спроведе два редовни административни надзора над исполнувањето на обврската на радиодифузерите за обезбедување јавност во нивното работење. Предмет на едниот надзор беше обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, а на вториот обврската од член 15 став 3 од истиот закон. Беше констатирано дека податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење во претходната година (член 15 став 1) до Агенцијата не доставиле РА Арачина, РА Лав, РА Б-97, РА Охрид и РА ДИ-ЏЕЈ, поради што Агенцијата им изрече мерки-опомени и им даде дополнителен рок од 45 дена да го отстранат прекршувањето. Во овој рок обврската во целост ја извршија РА Арачина, РА Лав и РА Б-97, додека РА Охрид и РА ДИ-ЏЕЈ не постапија по опомената ниту во дополнителниот рок. Обврската за објавување на сопствената програма на податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и изворите на финансирање во претходната година (член 15 став 3) не ја исполни само РА Охрид.

# 1. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Во првата половина на 2016 година, промена во сопственичката структура, по претходно одобрение од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, изврշија пет радиодифузери. Имено, Советот на Агенцијата донесе шест одлуки со кои дозволи спроведување промени во сопственичката структура на една регионална телевизија (ТВ Амазон од Скопје), две локални телевизии (ТВ Плус од Куманово и ТВ Гурра од Кичево), една регионална радиостаница (РА Стреет ФМ од Скопје) и една локална радиостаница (РА Зора од Делчево).

На 18.12.2015 година, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДООЕЛ Куманово достави до Агенцијата Известување за промена на сопственичка структура. Известувањето не беше уредно пополнето, поради што Агенцијата со писмен допис го извести радиодифузерот за неговата неуредност. На 05.01.2016 година, радиодифузерот достави уредно известување, со кое беше побарана согласност за пренесување на дел од уделот на единствениот сопственик, физичкото лице Ивана Петровска од Куманово, на физичкото лице Ристо Илиевски од Крива Паланка. Откако констатираше дека со предложената промена не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе одлука со која ја одобри истата.

На 06.10.2015 година, одобрение за промена на сопственичката структура од Агенцијата побара Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево. Барањето коешто го достави овој радиодифузер не беше во согласност со Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), поради што Агенцијата писмено го извести и му укажа на потребната документација која треба да се достави. На 10.11.2015 година, во Агенцијата беа доставени Тековна состојба за радиодифузерот и нотарски заверени изјави од управителот на радиодифузерот и од физичкото лице коешто требаше да пристапи како сопственик, но не беше доставено Известување за промена на сопственичката структура на образецот пропишан од страна на Агенцијата. На 13.11.2015 година, Агенцијата повторно го извести радиодифузерот за некомплетноста на документацијата. ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево ги комплетираше сите документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“

бр.171/14) на 14.01.2016 година. Со промената беше планирано истапување од сопственоста на физичкото лице Сејдин Исени од с.Стрелци, Осломеј, и пристапување на физичкото лице Беким Адиљи од с. Србица, Кичево. Бидејќи со планираната промена не се прекршуваа одредбите од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги, Советот ја одобри и оваа промена.

Согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 20.01.2016 година, Известување за промена на сопственичката структура беше доставено од страна на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево. Поради смрт на сопственикот на овој радиодифузер, лицето Стојанчо Антовски од Делчево, а врз основа на Решение за оставинска постапка, побарана беше согласност за пристапување на физичкото лице Лидија Антовска од Делчево, како единствен основач на радиодифузерот. Поради тоа што не постоеја пречки во смисла на одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги", Советот донесе одлука со која го дозволи спроведувањето на бараната промена.

На 09.03.2016 година, Трговското радиодифузно друштво СТРЕЕТ ФМ ДОО Скопје до Агенцијата достави неуредно Известување за промена на сопственичката структура, поради што Агенцијата телефонски го извести и побара да го доуреди истото. На 15.03.2016 година радиодифузерот ги достави потребните документи, со кои од Агенцијата беше побарано да му издаде одобрение од сопственоста да истапи физичкото лице Аритон Занев од Скопје, а неговиот удел да биде пренесен на физичкото лице Соња Филиповска, исто така од Скопје. Со оваа промена не се создаваше недозволена медиумска концентрација, па затоа Советот донесе одлука со која дозволи нејзино спроведување.

На 23.05.2016 година, овој радиодифузер достави до Агенцијата друго Известување за промена на сопственичка структура. И ова известување не беше уредно, поради што Агенцијата писмено го извести радиодифузерот и побара од него да го доуреди истото. На 31.05.2016 година, ТРД СТРЕЕТ ФМ ДООЕЛ Скопје ги достави потребните документи, со што го комплетираше Известувањето. Планираната промена овој пат се однесуваше на истапување на физичкото лице Соња Филиповска од Скопје и на пристапување на правното лице Друштво за промет и услуги ТИБЕЛ МЕДИА ДООЕЛ од Скопје. Со предложената промена на сопственичката структура не се создаваше

недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и таа не беше спротивна на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој закон, поради што Советот на седница донесе одлука и дозволи таа да се спроведе.

Известување за промена на сопственичката структура во првата половина од 2016 година, поточно на 23.03.2016 година, достави и Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје. Известувањето не беше уредно и комплетно, за што беше известен и самиот радиодифузер. На 04.04.2016 година, радиодифузерот ги достави потребните документи, со што Известувањето ги содржеше сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура. Со побараната промена беше планирано од сопственоста на овој радиодифузер да истапи физичкото лице Драган Ѓорѓиевски од Скопје и да пристапи правното лице Друштво за трговија и услуги АГС-ОЛМЕЈК ЏЕНЕРАЛ СЕРВИСИС ДОО увоз-извоз од Скопје. Бидејќи промената не беше спротивна на законот, Советот на Агенцијата донесе одлука за нејзино спроведување.

Со цел да провери дали некој радиодифузер извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата или пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата, во извештајниот период беше спроведен надзор над сите радиодифузери коишто емитуваат телевизиска или радио програма. Надзорот беше извршен на начин што беа споредувани податоците за сопственоста на радиодифузерите со коишто располага Агенцијата и податоците за сопственоста од тековните состојби на радиодифузерите издадени од Централниот регистар на Република Македонија. Беше констатирано дека ниту еден радиодифузер не ги прекршил одредбите од членот 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека ниту еден радиодифузер не извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од Агенцијата.

## 2. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Согласно член 15 став 1 од Законот за медиуми, радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедување на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

Со редовниот административен надзор извршен во април (согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година) беше констатирано дека оваа обврска во законски утврдениот рок не ја исполнија регионалната радиостаница РА Арачина од Скопје и локалните радиостаници РА Б-97 од Битола, РА Лав и РА Охрид од Охрид и РА ДИ-ЏЕЈ од Струга. Агенцијата писмено ги опомена овие пет радиодифузери и им даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на мерката да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Со контролните надзори над овие радиодифузери беше констатирано дека РА Арачина, РА Б-97 и РА Лав во целост постапиле по опомените упатени од страна на Агенцијата, додека РА Охрид и РА ДИ-ЏЕЈ не ја извршија обврската ниту во дополнителниот рок. На 26-тата седница одржана на 08.07.2016 година, Агенцијата им ги одзеде дозволите за радио емитување на овие радиостаници.

Во април Агенцијата спроведе редовен административен надзор и на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да доставaт до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите, радиодифузерите беа должни овие податоци првиот пат да ги објават најдоцна до 31 март. Обврската во овој рок не ја исполни само РА Охрид од Охрид, поради што и беше изречена мерка опомена и и беше даден дополнителен рок да го отстрани прекршување на Законот за медиуми. Радиостаницата не постапи по оваа

опомена, но Агенцијата веќе и ја одзеде дозволата поради неисполнување на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Во насока на исполнување на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, Агенцијата во јануари изврши контролен надзор на РА ДИ-ЏЕЈ од Струга, а во февруари на ТВ Еми од Радовиш, со цел да констатира дали радиодифузерите постапиле по опомените коишто Агенцијата им ги упати во 2015 година и дали ги отстраниле прекршувањата на овој член. Со надзорите беше констатирано дека РА ДИ-ЏЕЈ во дополнителниот рок ги објавила податоците утврдени во член 15 став 3 од Законот за медиуми и до Агенцијата достави снимка од објавата, а ТВ Еми не ја исполни оваа обврска, поради што и беше одземена дозволата за телевизиско емитување.

На 16.06.2016 година, Агенцијата испрати укажување до сите радиодифузери, со цел да ги потсети на обврската за објавување на податоците за работењето во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни).